Врз основа на член 5 и 20 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, Собранието на "МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ" - Скопје, на седницата одржана на 01.06.1999 година донесе

# С Т А Т У Т

## на "МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ" - Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје е здружение на граѓани - непрофитно и невладино, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности со цел на промовирање на критичко мислење, поттикнување на толеранција и почит кон туѓите идеи и ставови, промовирање на правото и демократијата и развивање на ставови за правните процеси и вклучување на младината во нив.

Член 2

Граѓаните се здружуваат во МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје, заради остварување на поширок општествен интерес преку што се задоволуваат потребите од стручна и друга помош.

Член 3

Член во МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје може да биде секој граѓанин - државјанин на Република Македонија кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава.

Лицата помлади од 18 години се корисници на програмите и активностите на Здружението.

Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението задолжително се враќа. Пополнетета пристапница се доставува до лице-член на Здружението кое му е претпоставено, кој е должен во рок од 10 (десет) дена да ја достави до Претседателот на здружението.

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје за своите членови води регистар на членството, кој се ажурира еднаш годишно.

Член 4

Права и должности на членот Здружението се:

- да избира и да биде биран во органите на здружението;
- да учествува во работата на Здружението и да придонесува во развојот и популарноста на Здружението
- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- да работи на развивање и уредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;
- да бара стручна и друга помош од областа на материјата;
- редовно да ја плаќа членарината, чиј износ го утврдува Управниот одбор;
- да присуствува на состаноците; и
- да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и Програмата на Здружението.

Член 5

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје, како здружение на граѓани своите цели, задачи и

дејности ќе ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Република Македонија, овој Статут како и со други законски норми кои ја регулираат материјата од оваа област.

Член 6

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје го претставува и застапува Извршниот директор

Член 7

Називот на здружението на граѓани е: МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје (во натамошниот текст само: Здружение).

Член 8

Седиштето на Здружението е на бул "Водњанска" 35/1-1- Скопје.
Здружението се организира и делува на целата територија на Македонија.

Член 9

Здружението е правно лице.
Здружението има свој печат и штембил.
Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје и неговото лого.
Штембилот на Здружението е правоаголен и на него е испишан следниов текст:
МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје
Број -------------
-------/-------година
Скопје.

Член 10

Работата на Здружението е јавна.
Јавноста на работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на здружението на граѓани за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работата на органите и телата на Здружението, за материјално-финансиското работење и друго.
За информирање на членовите и пошироката јавност, се користат печатот, радиото, телевизијата, интернет. Членовите на здружението комуницираат преку електронските средства на комуникација, користејќи ги групите, e-mail листите, социјалните мрежи и редовните состаноци кои се одржуваат во просториите на Здружението. За информирање на членовите и пошироката јавност Здружението може да издава списанија и други печатени и електронски материјали.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИНОТ НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

Член 11

Цели и задачи на МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ - Скопје заради остварување на поширок заеднички интерес се:

- промовирање на критичко мислење меѓу членовите;
- поттикнување на толеранција и почит кон туѓите идеи и ставови;
- развој на ораторски и комуникациски способности;
- поттикнување на тимска работа;
- поттикнување на соработка со здруженија кои имаат слични цели и задачи од други држави;
- промовирање на правото, човековите права и демократијата;
- развивање на ставови за правните процеси и вклучување на младината во нив;
- заштита на правата и интересите на средношколците, студентите и младите,
- запознавање на младите со начинот на функционирање на правните институции во

Република Македонија и градење на критички ставови кон нивната ефикасност;
- давање на правни совети и консултации за областите на делување на Здружението.

Здружените своите цели и задачи ќе ги остварува преку активностите кои ќе се реализираат во рамките на трите програми:

1. **Програма за неформално образование**, која опфаќа постојани обуки, развој на содржини за тренинзи, јавни предавања, дебати и трибини од областите во кои работи организацијата, како и соработка со домашни и странски научни и стручни институции, организации и здруженија кои имаат исти или слични цели и задачи;
2. **Програма за креирање и анализа на младински и образовни политики,** која вклучува истражувања и анализа на јавните политики од областа на младите, образованието и сите аспекти кои ги засегнуваат младите и нивните права, како и креирање и предлагање на акти и активности за промени за унапредување на состојбите во овие области;
3. **Програма за младински активизам**, која работи на развивање на форми на младинско учество во локалната заедница, младински активизам, поддршка на волонтерството, граѓанската вклученост и регионална соработка помеѓу младите.

Воедно, целите на здружението се остваруваат и преку проектните активности.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 12

Здружението остварува средства од:
- членарина;
- донации и грантови;
- надоместоци од извршени услуги за други организации;
- средства од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на град Скопје;
- спонзорства од трговски друштва; и
- други услуги.

Член 13

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од член 12 се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

Член 14

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 15

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението. Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 12 од Статутот, како и расходите за планираните активности, за заедничка потрошувачка на вработените, материјалните трошоци за работата на Здружението и други расходи сврзани со работата.

## ОРГАНИ ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 16

Органи на здружението се:

1. Собрание;

2. Управен одбор;
3. Извршен директор; и
4. Претседател

Член 17

Собранието го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението, кои се членови на Здружението најмалку 6 месеци пред одржување на редовното годишно Собрание и ја подмириле годишната членарина.
Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Член 18

Седници на Собранието свикува и со нив претседава Претседателот на Здружението, кој е истовремено и Претседател на Собранието.
Седница на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор на Здружението, на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието или Извршниот директор на Здружението.
Ако Претседателот на собранието во рок од 14 дена на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.
Работата на седниците на Собранието на здружението се уредува со Деловникот за работа на Собранието.

Член 19

Собранието на Здружението ги избира и разрешува членовите на Управниот одбор и Претседателот на Здружението.
Конкурсот за избор на членови на Управен одбор на Здружението се распишува најмалку 2 (две) седмици пред изборот. Во прилог на кандидатурата за член на УО, кандидатот доставува биографија и мотивационо писмо.
Конкурсот за избор на Претседател на Здружението се распишува најмалку 2 (две) седмици пред изборот. Во прилог на кандидатурата за Претседател, кандидатот доставува биографија, мотивационо писмо и програма за работа.
Извршувањето на функцијата член на УО на Здружението е неспоива со вршење на функцијата Извршен директор, Претседател, координатор на програма, центар или проект во Здружението.
Претседателот и Управниот одбор за својата работа се одговорни пред Собранието на здружението и за својата работа се должни да му поднесуваат годишен извештај.

Член 20

Собранието на Здружението ги врши следните работи:

- донесува Статут на здружението, програма и други акти и врши измена и дополнување на истите;
- усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- усвојува стратегија за работа на Здружението за период од 3 години, операционализирано во годишните програми;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор, Извршниот директор и Претседателот помеѓу две собранија;
- избира и разрешува Претседател на здружението и членови на УО
- донесува правилници, одлуки, заклучоци, препораки и други акти за регулирање и разрешување на прашања од интерес на Здружението;
- одлучува за здружување и разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува за основање трговски друштва;
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

Член 21

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.
Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.
На Собранието по правило се одлучува со јавно гласање, освен доколку со мнозинство гласови од присутните не се одлучи гласањето да се врши тајно.
Секој член на Собранието има право на еден глас.

Член 22

Управниот одбор на Здружението е управен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот.

Член 23

Управниот одбор на Здружението брои седум (7) членови.
Мандатот на Управниот одбор трае 2 години, со можност членовите на Управниот одбор да бидат избрани неограничен број мандати.
Управниот одбор од своите редови избира Претседател на УО со мандат од 2 години, со можност за уште еден избор.
Мнозинството членови на Управен одбор се избираат од редот на членовите на МОФ, кои биле активни во Здружението најмалку една година пред изборот и кои ги исполнуваат критериумите за избор предвидени со Деловникот на УО. Член на Управен одбор може да биде и надворешно лице.
За член на УО не може да биде избран Извршниот директор, Претседателот, Административниот директор, програмските или проектните координатори на здружението, кои се покануваат на седниците на УО, со право да даваат предлози и да учествуваат во дискусиите по точките на дневен ред, но без право на глас.
УО за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Член 24

Управниот одбор ги врши следните работи:

- распишува конкурс за избор на Извршниот директор на здружението, го избира од пријавените кандидати на конкурсот кои ги исполнуваат условите предвидени со актите на здружението, со мнозинство од вкупниот број на членови на УО и го разрешува;
- распишува конкурс, го избира и разрешува Административниот директор;
- распишува конкурс за Претседател на здружението;
- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- донесува и реализира годишна програма за работата;
- разработува и предлага стратешки насоки на развој на организацијата
- разгледува, се вклучува во пишување и ја верификува одлуката при аплицирање на проектни и други ангажмани
- го разгледува Годишниот извештај за работата на МОФ и дава свое мислење пред да биде доставен до Собранието на МОФ на усвојување;
- предлага измени и дополнувања на Статутот;
- усвојува одлуки и заклучоци кои се однесуваат на политиката на раководење со МОФ, а по предлог на Извршниот директор, Претседателот, програмските и проектни координатори на МОФ;
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието и подготвува материјали;
- распишува конкурси за избор и донесува одлука за избор на координатори на програми, сектори, центри и проекти на МОФ;
- одлучува за финансискиот систем на организацијата во консултација со Извршниот директор и Административниот директор;
- ги избира проектните координатори во консултации со Извршниот директор, Претседателот и програмските координатори;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;

- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;
- на секои шест месеци врши оценка и евалуација на работата на Извршниот директор, Претседателот, Административниот директор, како и на програмските координатори;
- врши избор на најдобри понуди на стоки, услуги и работи за потребите на МОФ, чија вредност е поголема од 2,000 ЕУР во денарска противвредност врз основа на 3 понуди;
- ја следи транспарентноста и демократското функционирање на МОФ; и
- врши други работи.

Член 25

Управниот одбор задолжително се состанува и одржува седници секој месец, а по потреба и почесто.
Седница на УО свикува неговиот Претседател. Предлог за свикување на седница на УО може да поднесе една половина од УО, една третина од членовите на Собранието, Извршниот директор или Претседателот.
Седниците се свикуваат најмалку 1 (една) седмица пред нивното одржување, освен во итни ситуации. Во ситуација кога УО не може да се состане за кратко време, а потребно е во рок од 3 (три) дена да разгледа прашање и да донесе одлука по истото, Управниот одбор одржува седници и носи одлуки по електронски пат. УО носи одлуки со мнозинство од присутните членови, освен ако со статутот на здружението не е предвидено поинаку.
Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство член кој ќе го избере УО.
За секоја одржана седница на УО задолжително се води записник, кој се објавува и дистрибуира до членовите на Здружението по електронски пат откако ќе биде усвоен, како и во Годишниот извештај за работата на УО.
Начинот на свикување и одржување на седници и донесување на одлуки по електронски пат и другите прашања од работењето на УО се уредуваат со Деловникот за работа на УО.
Член на УО може да се разреши пред истекот на мандатот за кој е избран на предлог на УО или пак на предлог на 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието, на вонредно или редовно собрание. До оддржување на собранието за негово разрешување, функцијата му е во мирување.

Член 26

Извршниот директор на Здружението се избира од страна на УО за мандат од 3 години со право на уште 2 реизбора. Извршниот директор на здружението ги има следните надлежности:
- раководи и координира со сите активности на МОФ;
- распишува конкурси за избор и донесува одлука за избор на асистент-координатори на центри и проекти на МОФ;
- врши избор на лица на позиции кои не се дел од програмите, секторите, центрите и проектите на МОФ, а се со раководни задачи;
-донесува одлука за партнерства и коалиции со други организации и мрежи, во консултација со Претседателот и координативното тело;
-донесува одлука за формирање на постојни и повремени тела и ја насочува нивната работа
- - ја претставува и застапува организацијата во јавност и односите со надворешни лица, институции и организации;
- дава препорака до УО за избор на Административен директор и врши надзор над неговото работење;
- потпишува службена документација и
- врши други работи.

За својата работа Извршниот директор му одговара на Управниот одбор. УО може да иницира постапка за предвремено разрешување од функција на Извршниот директор доколку Извршниот директор не ја врши функцијата соодветно критериумите истакнати во конкурсот, на предлог на 1/3 од бројот на вкупниот број на членовите на УО или на барање на 1/3 од членовите на Собранието. УО донесува одлука за предвремено разрешување на Извршниот директор со апсолутно мнозинство. По започнувањето на постапката за предвремено

разрешување на Извршниот директор, неговите права и должности ги извршува Претседателот, сé до изборот на нов Извршен директор.

Член 27-а

Претседателот на Здружението се избира од страна на Собранието на Здружението со мандат од 2 години со право на уште еден реизбор. Претседателот на здружението ги има следните надлежности:

- Врши надзор, координација, евалуација и насочување на програмските и проектните активности на организацијата, секторите и центрите на МОФ и оддржува редовни состаноци со програмските и проектните координатори
- Ја води архивата на материјалите подготвени и изработени од организацијата и регистарот на членови на организацијата
- Раководи со човечките ресурси
- Врши мониторинг и евалуација на членството и го организира и раководи системот на награди и унапредување на членовите на МОФ
- Учествува во подготовка на седниците на УО и Собрание на МОФ, заедно со извршниот директор
- По потреба, го заменува Извршниот директор во вршењето на работите од негова надлежност
- Се грижи за транспарентно известување и објавување на одлуките и активностите на МОФ
- Доставува годишен извештај за својата работа до Собранието

Претседателот за својата работа му одговара на Собранието. Вонредно собрание за предвремено разрешување од функција на Претседателот може да се свика на предлог на УО, на барање на 1/3 од членовите на Собранието или на иницијатива од Извршниот директор. По започнувањето на постапката за предвремено разрешување на Претседателот, УО одредува кој ќе ги врши неговите права и должности до избор на нов Претседател.

Член 28

Административниот директор се избира од страна на УО со мандат од 2 години со неограничено право на повторен избор. Административниот директор ги има следните надлежности:

- Учествува во планирање на годишните и проектните буџети
- Раководи со финансиите на организацијата
- Се грижи за раководењето со канцелариските простории
- Доставува годишна завршна сметка до Собрнаието

За своето работење административниот директор му одговара на извршниот директор и управниот одбор. Потписници на сметката на организацијата се извршниот, програмскиот и административниот директор, а за извршување на платни налози потребни се двајца потписници.

## РЕДОВНА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 28

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението е одговорен Административниот директор и асистентите кои се вработуваат по потреба и кои заедно го сочинуваат Административнотот тело.

Член 29

Правата и обврските за работата на вработените во Административното тело ги утврдува Извршниот директор на Здружението во согласност со законските норми и Статутот.

Член 30

Средствата за работа на Админитративносто тело се определуваат со Финансиски план секоја

година и тоа: средства за плати, средства за заедничка потрошувачка, средства за материјални трошоци, средства за посебна намена за нормално извршување на функцијата.

Член 31

Со Административнното тело на Здружението раководи Административниот директор на Здружението.

Административниот директор на Здружението ги има следните надлежности:

- Ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи;
- Одговорен е за извршување на Финансискиот план согласно Програмата за работа;
- Одговорен е за извршување на административно-стручните работи;
- Се грижи за благовремено извршување на административно-техничките работи, како и за опремата, набавките и извршувањето на финансиските обврски на Здружението.
- Ја организира и води архивата на МОФ; и
- Се грижи за правилна примена на законските прописи од областа на дејностите што ги врши Здружението.
- Административниот директор е обврзан да доставува наративен извештај за својата работа на секои 6 месеци, до Управен Одбор

Покрај горенаведените надлежности, Административниот директор особено се грижи за обезбедување на административно-техничка функционалност во седиштето и центрите на Здружението.

## КООРДИНАТИВНО ТЕЛО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 31-а

Координативното тело на Здружението е советодавно тело кое го сочинуваат: Извршниот директор, Претседателот, координаторите на програми и проекти во Здружението.

По потреба на состаноците на Координативното тело може да бидат повикани и други лица.

Со координативното тело претседава Претседателот на Здружението, кој се грижи за подготовка и раководење со состаноците, како и за објавување на записник од состаноците на координативното тело.

Состаноците на телото се свикуваат најмалку еднаш во 2 (две) седмици.

Член 31-б

На состаноците на координативното тело се разгледуваат и дискутираат активностите на програмите, центрите и проектите на Здружението и се врши меѓусебна координација. Координативното тело на МОФ дискутира за насоките на развој на Здружението и дава препораки до Извршниот одбор.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 32

Здружението ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Здружението на граѓани, ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање, ако настапат причини утврдени во член 52 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Член 33

По престанок на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственот на друго здружение со иста или слична активност.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Со влегувањето во сила на овој Статут, составот на Извршниот одбор станува Управен одбор и ги врши неговите надлежности до истекот на двогодишниот мандат кој му започна во мај 2009 година.

Член 35

Права на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението, а помеѓу две собранија, Управниот одбор на Здружението.

Член 36

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

Член 37

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Илија Жупаноски,
Извршен директор